**Република Северна Македонија**

**Агенција за квалитет во високото образование**

**ОДБОР ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Врз основа на член 54 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018), Одборот за евалуација на високото образование, на седницата одржана на 24.6.2022 година, донесе

# Д Е Л О В Н И К
# ЗА РАБОТА НА ОДБОРОТ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој деловник се уредува работата и начинот на одлучување, како и други прашања во врска со работата на Одборот за евалуација на високото образование.

### Член 2

Одборот за евалуација на високото образование (во понатамошниот текст Одборот за евалуација) е орган на Агенцијата за квалитет во високото образование (во понатамошниот текст Агенција за квалитет).

Одборот е колективно стручно тело кое ја спроведува надворешната евалуација на високообразовните установи, со права и одговорности утврдени во Законот за високо образование и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.

Работата на Одборот за евалуација се заснова на следење и оценување на квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручната работа на академскиот кадар на високообразовните установи, во согласност со Законот за високото образование, Европските стандарди за квалитет во високото образование и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.

### Член 3

Деловникот за работа на Одборот за евалуација се донесува од страна на Одборот за евалуација, на редовна седница, со мнозинство гласови од вкупниот број на присутни членови на Одборот за евалуација.

Одредбите од Деловникот за работа на Одборот за евалуација се задолжителни

за сите членови на Одборот за евалуација, како и за сите други лица вклучени во работата на Одборот за евалуација.

За правилната примена на Деловникот за работа на Одборот за евалуација се грижи претседателот на Одборот за евалуација.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОДБОРОТ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

### Член 4

Одборот за евалуација е самостоен и независен во својата работа и одлучување.

Одборот за евалуација работи и одлучува на седници, кои се свикуваат по потреба.

Одборот за евалуација заседава по правило, од 1 септември до 30 јуни.

### Член 5

Претседателот на Одборот за евалуација се избира од редот на членовите на Одборот за евалуација на редовна седница, со тајно гласање, за период од две години, без право на повторен избор.

Одборот за евалуација, од редовите на своите членови, избира еден заменик претседател на Одборот за евалуација, со тајно или јавно гласање на предлог на претседателот или членовите на одборот, за период најмногу до две години.

Претседателот и заменик претседателот на Одборот за евалуација, се одговорни за својата работа пред членовите на Одборот за евалуација.

Административно-техничките работи на Одборот за евалуација ги врши стручна служба на Агенцијата за квалитет (во натамошниот текст: Стручна служба).

### Член 6

Членовите на Одборот за евалуација се должни редовно да учествуваат во работата на седниците на Одборот за евалуација, да ги изнесуваат своите ставови и мислења и да одлучуваат по прашањата кои што се на дневен ред.

Заради поседување на знаења за потребите на општеството за квалитетно високо образование и современа наука на национално ниво, како и за запознавање со искуствата на меѓународните системи за обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот во високото образование, членовите на Одборот за евалуација се должни постојано да се усовршуваат во областа.

Членовите на Одборот за евалуација, заради спречување на конфликт на интереси, пред Агенцијата за квалитет, се должни да потпишат Изјава за доверливост за контрола, заштита и неоткривање на доверливите информации.

### Член 7

Претседателот на Одборот за евалуација:

- го претставува и застапува Одборот за евалуација;
- го организира и координира целокупниот процес на работа на Одборот за евалуација;

- ги подготвува, ги свикува и претседава со седниците на Одборот за евалуација и учествува во неговата работа и одлучување;

- ги потпишува актите кои се во надлежност за донесување од страна на Одборот за евалуација;

- се грижи за спроведување на овој Деловник;

- ги потпишува записниците од одржаните седници на Одборот за евалуација;

- остварува службена комуникација и односи со сите релевантни установи, институции, органи, асоцијации, друштва и лица, во врска со работата на Одборот за евалуација;

- врши други работи утврдени со овој Деловник и Законот за високо образование.

Член 8

Доколку претседателот, од оправдани причини е спречен да свика и претседава со седницата или да присуствува на неа, должноста ја презема заменик претседателот на Одборот за евалуација.

Претседателот писмено или усно го известува заменик претседателот за спреченоста од ставот 1. Заменик претседателот ги информира членовите на Одборот за евалуација за писменото или усното известување од претседателот.

Во случај на престанок на функцијата претседател на Одборот за евалуација пред истекот на мандатот согласно член 54 став 5 од Законот за високо образование и член 5 од овој Деловник, заменик претседателот го претставува и застапува Одборот за евалуација и ги врши работите утврдени во член 7 од овој Деловник до изборот на нов претседател на Одборот за евалуација на првата наредна седница.

Член 9

Седниците на Одборот за евалуација ги свикува претседателот на Одборот за евалуација по сопствена иницијатива или по иницијатива на најмалку една третина од вкупниот број на членови на Одборот за евалуација.

Седницата на Одборот за евалуација почнува во закажаното време.

На почетокот на седницата претседателот утврдува дали на седницата присуствува мнозинство членови потребно за работа и одлучување на Одборот за евалуација.

Дневниот ред за седницата на Одборот за евалуација го предлага претседателот на Одборот за евалуација, а го утврдува Одборот за евалуација.

Претседателот и членовите на Одборот за евалуација, пред утврдување на дневниот ред, можат да предложат измена и дополнување на предложениот дневен ред.

Одборот за евалуација се изјаснува без расправа за секој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Член 10

Седниците на Одборот за евалуација се свикуваат најмалку пет дена пред нивното одржување.

За итни и неодложни работи, претседателот на Одборот за евалуација може да свика седница и во пократок рок од рокот утврден во став 1 на овој член.

Член 11

Седниците на Одборот за евалуација се свикуваат со покана, која содржи место, датум и време на одржување на седницата и предлог на дневен ред на седницата.

Поканата и материјалот кој се предлага да биде разгледан на седницата, до претседателот и членовите на Одборот за евалуација, по правило се доставуваат во електронска форма.

Седниците на Одборот за евалуација главно се одржуваат во просториите на Агенцијата за квалитет.

Седниците на Одборот за евалуација можат да се одржуваат и надвор од просториите на Агенцијата за квалитет, во друга установа или институција, по предлог на претседателот на Одборот за евалуација.

По потреба, седниците може да се одржуваат и по електронски пат (онлајн).

Целокупниот материјал од седницата на Одборот за евалуација се архивира во архивата на Агенцијата за квалитет.

Член 12

За одржување на редот на седниците на Одборот за евалуација се грижи претседателот или заменик претседателот на Одборот за евалуација, односно оној кој претседава со седницата.

За повреда на редот на седницата, на присутните може да им се изрече една од следните мерки:

- опомена;
- одземање на зборот и
- отстранување од седницата.

Изречените мерки се внесуваат во записникот и се однесуваат само за седницата на која се изречени.

Член 13

Седницата на Одборот за евалуација се прекинува кога:

- во текот на одржување на седницата бројот на присутните членови ќе се намали под пропишаниот број за одржување на седницата;
- седницата, поради обемноста на дневниот ред, не може да се заврши истиот ден;
- ќе дојде до потешко нарушување на редот на седницата, а претседавачот со седницата не е во состојба да воспостави ред;
- поради одмор на присутните на седницата, но не подолго од два часа и
- во други случаи за кои ќе процени претседателот на Одборот за евалуација.

Член 14

По завршување на расправата и одлучувањето по сите точки од дневниот ред, претседателот на Одборот за евалуација објавува дека ја заклучува седницата, односно објавува дека седницата е завршена.

Член 15

За седниците на Одборот за евалуација се води записник.

Записникот го води лице од стручната служба на Агенцијата за квалитет, назначен од страна на директорот на Агенцијата за квалитет по барање на претседателот на Одборот за евалуација.

Лицето кое го води записникот е должно квалитетно и веродостојно да ги презентира изнесените факти за време на седницата во записникот.

Член 16

Во записникот од седницата на Одборот за евалуација се внесува:

- датум на одржување на седницата;
- место на одржување на седницата;
- реден број на записникот;
- присутни членови од Одборот за евалуација и други лица;
- отсутни членови на Одборот за евалуација, со име и презиме и оправданост;
- време на започнување на седницата;
- време на завршување на седницата;
- усвоен дневен ред на седницата;
- расправи по поедини точки, само доколку од нив произлезат предлози, одлуки или заклучоци;
- донесени одлуки и заклучоци по секоја точка од дневниот ред и резултати од гласањето;
- изнесени предлози или издвоени мислења по поедини точки од дневниот ред;
- заради автентичност на својата дискусија, членовите на Одборот за евалуација истата може да ја достават и во пишана форма до записничарот, кој во записникот тоа треба да го наведе;

По потреба, претседателот на Одборот за евалуација може да побара водење на стенографски белешки или тонско снимање на целиот тек на седницата.

Член 17

Записникот се изработува во рок од 5 работни дена од одржувањето на седницата на Одборот за евалуација.

Изготвениот записник се доставува до членовите на Одборот за евалуација на разгледување и прифаќање, заедно со поканата за наредната седница.

Прва точка на дневниот ред е усвојување на записникот од претходната седница на Одборот за евалуација.

Секој член на Одборот за евалуација има право да стави забелешка на содржината на записникот од претходната седница и да бара во него да се извршат соодветни изменувања и/или дополнувања.

Претседателот на Одборот за евалуација констатира дека записникот од претходната седница е усвоен без забелешки или дека е усвоен со внесување на измени и/или дополнувања по забелешка на член на Одборот за евалуација.

По исклучок од став 3 на овој член, поради објективни причини, усвојувањето на записникот од претходната седница може да се одложи за наредната седница, за што претседателот образложува пред предлагањето на дневниот ред. Тоа се констатира и се внесува во записникот на тековната седница.

Член 18

Записниците со сите предлози се средуваат, според хронолошки редослед на одржани седници, во еден мандатен период на Одборот за евалуација.

Седниците на следниот состав на Одборот за евалуација, после завршување на мандатот на претходниот состав, се евидентираат од почеток, од број еден и понатаму се средуваат хронолошки.

Усвоените записници се чуваат и архивираат во архивата на Агенцијата за квалитет.

За потребите на овластени лица, органи, установи и институции, по претходна согласност од претседателот на одборот за евалуација може да се даде препис или извод од записникот, освен во случај ако тоа преставува класифицирана информација заштитена од неовластен пристап или употреба и која се определува со степен на класификација, согласно Законот за класифицирани информации.

Член 19

За уредување на одредени работи од својата надлежност Одборот за евалуација носи соодветни акти.

Одборот за евалуација на секои шест месеци доставува извештај за својата работа до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност (во понатамошниот текст, Националниот совет).

За изготвување на шестмесечниот извештај, Одборот за евалуација формира тричлена комисија.

Извештајот од ставот 6 од овој член задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет.

Член 20

Одборот за евалуација го следи и оценува квалитетот во високото образование, преку надворешна евалуација високообразовните установи и нивните студиски програми.

Ова прашање се регулира со посебен правилник, односно со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, кој го донесува Националниот Совет со согласност на Министерот за образование и наука.

Член 21

Во рамки на активностите за одржување и развивање на квалитетот на високото образование, како и за унапредување на својата работа, Одборот за евалуација:

- на основа на искуствата од тековното работење, дава препораки до Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност за подобрување на законските акти кои го регулираат високото образование;

- перманентно усогласување на својата дејност со добрите практики на соодветните институции кои делуваат на европскиот високообразовен простор;

- донесува Етички кодекс за квалитетно извршување и унапредување на својата работа, како и за чување на угледот на Одборот за евалуација и за чување на личниот углед на неговите членови;

- донесува Упатство за подготовка на документација за надворешна евалуација

- донесува Упатство за самоевалуација на Одборот за евалуација и

- врши самоевалуација на својата работа на секои две години.

## III. НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ НА ОДБОРОТ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

### Член 22

Одборот за евалуација може да работи и одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Одборот за евалуација.

Дневниот ред се усвојува на самата седница, доколку за него се изјасни мнозинството од присутните членови на седницата на Одборот за евалуација.

По секоја точка од дневниот ред се води расправа и се донесуваат одлуки, решенија, односно мислења, заклучоци или препораки, во зависност од карактерот на прашањето.

### Член 23

Одборот за евалуација одлучува, односно донесува одлуки, со мнозинство на гласови од вкупниот број на присутни членови на седницата на Одборот за евалуација.

Одлуките на Одборот за евалуација се носат со јавно гласање.

Претседателот на Одборот за евалуација го формира заклучокот и/или одлуката и ги повикува членовите на Одборот за евалуација да го усвојат со јавно гласање.

Јавното гласање се спроведува со кревање на рака или со поединечно изјаснување „за", „против" или „воздржан".

Предлогот за јавно гласање се смета за усвоен доколку за него гласале мнозинството од присутните членови на седницата на Одборот за евалуација и истото се евидентира во записникот.

## IV. ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ И ДОКУМЕНТИ НА ВЕБ СТРАНИЦАТА НА АКВО

### Член 24

На веб страницата на Агенцијата за квалитет се објавуваат:

- Деловникот за работа на Одборот за евалуација;
- Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација;

- Етички кодекс за квалитетно извршување и унапредување на работата на одборот за евалуација на високото образование;
- Јавните повици за странските експерти;
- Јавните повици за членови на стручни комисии од редот на студентите;
- Регистерот на странски експерти за спроведување на надворешна евалуација кој се надополнува секоја година;
- Регистерот на студенти за спроведување на надворешна евалуација;
- Годишниот план за надворешна евалуација на високообразовни установи;
- Извештаите од спроведените надворешни евалуации;
- Остварени меѓународни соработки на Одборот за евалуација;
- Шестмесечниот извештај за работата на Одборот за евалуација (кој се доставува до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност);
- Други документи или податоци доколку не претставуваат деловна тајна или класифицирана информација заштитена од неовластен пристап или употреба и која се определува со степен на класификација, согласно Законот за класифицирани информации.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 25

Со денот на влегувањето во сила на овој Деловник престанува да важи Деловникот за работа на одборот за евалуација на високото образование, донесен на седницата одржана на 25.08.2020 година.

Измените и дополнувањата на овој Деловник ги донесува Одборот за евалуација, на предлог на претседателот или неговите членови.

### Член 26

Овој Деловник за работа влегува во сила со денот на усвојување на седница на Одборот за евалуација.

24.6.2022,

Скопје

Претседател на Одборот за евалуација,

Проф. д-р Билјана Кузмановска, с.р.